**20110471293**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за културата,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 април 2011 година.

Бр. 07-1866/1
6 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА

Член 1

Во Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ број 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007 и 116/10), по членот 5 се додава нов член 5-а, кој гласи:

„Член 5-а

Во постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.“

Член 2

Поднасловот „Национална програма“ и членот 9 се менуваат и гласат:

„Национална стратегија.

Член 9

(1) Заради остварување на националниот интерес во културата, Собранието на Република Македонија донесува национална стратегија за развој на културата за период од пет години.

(2) Националната стратегија за развој на културата е стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на културата и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување (во натамошниот текст: национална стратегија).

(3) Националната стратегија содржи и акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски и вонбуџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација на спроведувањето на националната стратегија.

(4) Во изработката на националната стратегија учествуваат јавни установи од областа на културата, високообразовни и научни установи, здруженија на граѓани од областа на културата и претставници од независна културна сцена.

(5) Предлогот на националната стратегија се става на јавна расправа пред да биде доставен до Собранието на Република Македонија.

(6) Министерствата, во рамките на нивните законски надлежности, учествуваат во реализација на националната стратегија.

(7) Средствата за реализација на националната стратегија се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија.

(8) Националната стратегија се доставува до Собранието на Република Македонија најмалку шест месеци пред истекот на важноста на претходната национална стратегија.

(9) За реализација на активностите согласно со акцискиот план на националната стратегија, Министерството за култура еднаш годишно доставува извештај до Собранието на Република Македонија, за информирање."

Член 3

Во членот 10 став (1) зборот „програма" се заменува со зборот „стратегија".

Ставот (3) се брише.

Член 4

По членот 11-а се додава нов член 11-б, кој гласи:

„Член 11-б

(1) Уметник и стручен работник од областа на заштитата на културното наследство кој остварил право на пензија и е добитник на:

- државната награда „11 Октомври" за животно дело или,
- државната награда „11 Октомври" за долгогодишни остварувања во културата и уметноста или,
- државната награда „Св. Климент Охридски" за долгогодишни остварувања во културата и уметноста или
- државната награда „23 Октомври" за долгогодишни остварувања во културата, има право на месечен паричен надоместок во висина на разликата меѓу пензијата што ја остварува и највисоката пензија во Република Македонија во претходната година, за тековната година.

(2) Доколку уметникот, односно стручниот работник од областа на заштитата на културното наследство е добитник на една од наградите од ставот (1) на овој член, а на денот на влегувањето во сила на овој закон не остварил право на пензија, со правото на месечен паричен надомест од ставот (1) на овој член ќе се стекне со денот на остварувањето на правото на пензија.

(3) Доколку уметникот, односно стручниот работник од областа на заштитата на културното наследство остварил право на пензија, а една од наградите од ставот (1) на овој член ќе ја добие по денот на влегувањето во сила на овој закон, со правото на месечен паричен надоместок од ставот (1) на овој член ќе се стекне со денот на добивањето на наградата.



www.pravdiko.com

(4) Правото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член уметникот, односно стручниот работник од областа на заштитата на културното наследство, го остварува со поднесување барање до Министерството за култура, кон кое се доставува и доказ за висината на пензијата и доказ дека е добитник на една од наградите од ставот (1) на овој член.

(5) За остварување на правото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член одлучува министерот за култура.

(6) Надоместокот се исплаќа со средства од Буџетот на Република Македонија, преку Министерството за култура, сметано од денот на стекнувањето на правото на надоместок согласно со ставот (5) на овој член, па до крајот на животот.“

Член 5

Во членот 57 зборовите: „надлежно здружение на автори за колективно остварување на“ се заменуваат со зборовите: „организации за колективно управување на“.

Член 6

Во членот 65 став (1) зборот „програма“ се заменува со зборот „стратегија“.

Член 7

Во членот 68 став (2) зборот „контролата“ се заменува со зборот „надзорот“.

Во ставот (4) во првата реченица зборот „контрола“ се заменува со зборот „надзор“.

Член 8

Во членот 82 став (2) зборот „закон“ се заменува со зборовите: „Законот за државните службеници и Законот за инспекцискиот надзор“.

Во ставот (2) точката 1 се менува и гласи:

„да има завршено правен или економски факултет;“.

Во ставот (3) зборот „Раководител“ се заменува со зборовите: „Генерален, односно главен инспектор“.

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Инспекторот работите на инспекцискиот надзор ги врши во посебна организациска единица на Министерството за култура.

(5) Министерот за култура донесува годишна програма за работа на организационата единица за вршење на инспекцискиот надзор до крајот на декември во тековната година за наредната година.“

Член 9

Членот 84 се менува и гласи:

“(1) Инспекторот врши надзор над работењето на установите и на другите правни лица што вршат дејности од областа на културата, како и на други субјекти чие работење подлежи на надзор во согласност со прописите од областа на културата, за работи од културата (во натамошниот текст: субјекти на надзорот).

(2) Инспекторот може да изврши инспекциски надзор без да го извести субјектот на надзорот за почетокот на вршење на инспекцискиот надзор, како и во отсуство на директорот и одговорното лице во субјектот на надзорот.

(3) По жалбата на решението на инспекторот одлучува посебна комисија од два члена и претседател именувани од министерот за култура. Претседателот на Комисијата е од редот на раководните државни службеници во Министерството за култура, со звање раководител на сектор и со завршен правен факултет, а другите двајца членови се дипломиран правник и дипломиран економист, со звање не помало од звањето раководител на одделение.

(4) Комисијата одлучува во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.“

Член 10

Членот 85 се менува и гласи:

“Заради отстранување на утврдените неправилности, инспекторот има право и обврска на субјектот на надзорот:

1) да му укаже за утврдените неправилности и да му нареди да преземе соодветни мерки и активности за отстранување на неправилностите во рок од најмногу 30 дена и

2) привремено да му одземе предмети и средства со кои е сторено кривично дело или прекршок, кога со пропис од областа на културата е предвидена можност за привремено одземање на предмети.“

Член 11

Членот 85-а се менува и гласи:

„Привремено одземените предмети се чуваат во посебна просторија во Министерството за култура, определена за чување на привремено одземени предмети, која е соодветно просторно и технички обезбедена за чување на предметите.“

Член 12

Членовите 86, 87 и 88 се бришат.

Член 13

Во членот 91 став (1) алинеја 3 бројот во заградата „91“ се заменува со бројот „93“.

Член 14

Во членот 91-а став (1) по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- не склучи договор за јавно изведување на дела од областа на културата, согласно со овој закон (член 58),“.

Член 15

Постапките за инспекциски надзор започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на законот кој бил во примена на денот на започнување на надзорот.

Член 16

Националната стратегија од членот 2 на овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, освен членот 4 од овој закон кој ќе започне да се применува од 1 јануари 2012 година, а членовите 8, 9, 10, 11 и 12 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 април 2011 година.



www.pravdiko.com